20190700976

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 69 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 65/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/2017) Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 18 февруари 2019 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МЕСЕЧНИОТ ИЗНОС НА СРЕДСТВАТА КОИ ЗДРАВСТВЕНАТА УСТАНОВА МОЖЕ ДА ГИ ДОБИЕ ЗА ИЗДАДЕНИ ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ ОД ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ НА ТОВАР НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ

Член 1

Во Правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на средствата на Фондот („Сл.весник на РМ“ бр. 224/2018), во членот 4 став 1 по алинеја 3 се додава нова алинеја 4 која гласи:

„ - планиран годишен износ на средства за препарат без глутен кој на Листата на лекови паѓа на товар на Фондот за индикација целијакија.“

Член 2

Во членот 15 се додава нов став 3 кој гласи:

„Препаратот без глутен кој се издава на рецепт на товар на средствата на Фондот за индикација целијакија, не влегува во квотата на организационата единица-аптека.“

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-3531/2
1 март 2019 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
д-р **Ридван Асани,** с.р.